# ПРИКАЗ на РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ кај јавните институции за 2019 година

ECE ECE

## *Препораки за унапредување на реактивната и проактивната транспарентност:*

1. Да се преземат чекори за проценување на капацитетите на 14 опфатени институции и утврдување на причините за нивно континуирано прекршување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и необјавувањето на информации и документи на нивните интернет страници. Проценката да се направи во соработка со граѓански организации и врз основа на истата да се направи план за унапредување на нивото на реактивност и проактивност на овие јавни институции.

2. Потребно е да се зголеми свесност кај јавните институции за обврската, како и за значајноста и придобивките од нивната отвореност кон јавноста.

3. Да се зголеми јавната свесност кај сите правни и физички лица, за значајноста на отвореноста на носителите на власт, и да се запознаат со своето право на информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

4. Да се превземат чекори за ревидирање на тековните мерки на Владата на РСМ кои треба да допринесат за унапредување на нивото на транспарентност кај јавните институции, на тој начин што ќе се утврди колку тие влијаат ограничувачи или пак стимулирачки врз јавните институции во споделување / објавување на информации, со оглед на фактот што во изминатите седум години инситутциите не објавуваат информации за своето работење или пак делумно обезбедуваат пристап до информации во официјални постапки за пристап до информации од јавен карактер.

5. Да се искористат добрите практики во постапувањето по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од Министерството за информатичко општество и администрација, и министерствата за надворешни и внатрешни работи и истите да се промовираат помеѓу останатите јавни институции.

## I. ВОВЕД

• Овој документ го прикажува степенот на реактивна и проактивна транспарентност на Институтот за јавно здравје; Здравствениот дом Скопје; Центарите за јавно здравје Скопје и Кочани; и Министерствата за здравство, финансии, труд и социјална политика, образование и наука, култура, надворешни работи, внатрешни работи, правда, транспорт и врски, информатичко оштество и администрација [1]. Анализата има за цел да го прикаже нивото на отвореност на институциите во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер [2] и во објавувањето на информации и документи за нивното буџетско и програмско работење. Освен ова, целта на анализата е да даде препораки за унапредување на нивото на двата вида транспарентност со што ќе се овозможи јавноста да ја зајакне својата доверба во работата на носителите на власт и јавните институции, континуирано да биде информирана за законите и одлуките што ги засегаат, и со тоа да се зајакне интегритетот на јавните институции.

**Реактивната транспарентност** на институциите се мери преку анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер, за секоја институција поодделно. Работењето на секоја институција се оценува од аспект на осум параметри, и тоа: број на добиени одговори во редовна постапка; број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка; број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер; број на барања по кои имателите молчеле; број на доставени жалби до имателите на информации

[1] Овие 14 институции се опфатени и со двете анализи, односно анализата за нивото на реактивна и анализата за нивото на проактивна транспарентност за 2019 година и оттаму само тие беа предмет на анализа и споредба по однос на овие две прашања.

[2] Извор: https://bit.ly/2BlkdtA

од јавен карактер; број на жалби по кои е добиен одговор; просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка; и просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

**Проактивната транспарентност** на институциите се мери преку спроведување мониторинг на објавувањето или необјавувањето на клучни документи и информации, како што се: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, предлог буџет и усвоен буџет, предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџет, полугодишен извештај за извршување на буџет, завршната сметка на буџетот, ревизорскиот извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

## II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2019 ГОДИНА

Според наодите од спроведениот мониторинг на реактивната транспарентност кај четиринаесет јавни институции во Република Северна Македонија, 7 % од институциите се нетранспарентни, 71 % се делумно транспарентни и 21 % се транспарентни. Додека пак, по однос на проактивната транспарентност најголем број од институциите се бележат како проактивно нетранспарентни или 92%, а останатите делумно транспарентни 8 %, додека проактивно транспарентни институции нема *(види табела 1)*.

Оттука значајно е да се напомене дека во 2019 година, се бележи **значително зголемување** на бројот на **делумно реактивно транспарентни институции** и тоа 31 процентен поен во однос на 2018 година (40%), но во исто време се бележи и намалување на бројот на нетранспарентни институции за 37 проценти поени (во 2018 година нетранспарентни биле 40%). Меѓутоа и покрај тоа што во делот на реактивна транспарентност во 2019 година е забележано одредено унапредување, сепак кај проактивноста на институциите во објавување на документи и информации оваа година се бележи значително уназадување. Односно, во 2019 година бројот на проактивно нетранспарентни институции е зголемен за 5 процентни поени, а пак бројот на делумно проактивно транспарентни е намален за истиот процент. Како и во 2018, така и во 2019 година, нема проактивно транспаренти институции, односно институции кои објавуваат поголем дел од клучните буџетски и програмски документи *(види табела 1)*.

Дополку пак оценките се гледаат на ниво на поединечна институција, може да се забележи дека нема напредок во нивото на проактивност и реактивност кај 12 од 14 институции опфатени со оваа анализа. Напредок се бележи само во делот на реактивност, односно примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кај Министерството за култура и Министерството за образование и наука, кои од целосно затворени преминале во институции кои делумно го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер *(види табела 1)*.

Оценката на нивото на реактивност и проактивност кај јавните институции во РСМ, која ја подготвува ЕСЕ, покажува дека од 2013 година [3] до 2019 година и покрај големиот број на мерки кои Владата ги превзема за унапредување на нивото на транспарентност на институции, покажува дека нема значајни промени во отвореноста на јавните институции за јавноста. Односно, институциите и по седум години обезбедуваат повеќе информации преку бирократски постапки за слободен пристап до информации, отколку што објавуваат на своите интернет страници.

Министерството за здравство, и во 2018 и 2019 година, е најнетранспарентна институција и од аспект на нејзината реактивност и од аспект на нејзината проактивност.

Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје, Центарот за јавно здравје Скопје, Министерството за прврда и Министерството за транспорт и врски се институции кои во постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер обезбедуваат делумен или пак ненавремен пристап до информации, и институции кои не објавуваат информации за своето работење на своите интернет страници. Оценката на овие институции во 2019 година е идентична како и во претходната.

[3] Извештаите од оценката на нивото на реактивна и проактивна транспарентност од 2013 година се достапни на следниот линк: http://www.esem.org.mk/index.php/biblioteka/site-publikacii-i-izdanija/62-biblioteka/3090-biblioteka-2014.html

Министерството за финансии е институција која обезбедува делумен пристап до информации и преку постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку својата интернет страница. Оценката за оваа институција останува непроменета во 2019 година во споредба со претходната.

Добри пракси во постапувањето при спроведување на постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер, кои треба да бидат превземени од другите јавни институции, се идентификувани кај министерствата за надворешни и внатрешни работи, како и министерството за информатичко општество и администрација. Меѓутоа, и покрај тоа што овие институции претставуваат пример за почитување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истите не објавуваат голем број на информации за своето работење на нивните интернет страници.

Низ годините наназад не постои јавна институција која може да биде земена како позитивен пример кога станува збор за проактивно објвување на информации за своето работење кои се од клучна важност за граѓаните.

Во 2019 година унапредување, во однос на претходната година, е идентификувано само во нивото на реактивност кај министерствата за труд и социјална политика, образование и наука и култура, како и кај Центарот за јавно здравје Кочани.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

**НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

**ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

**ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**
институција што има основено под 6 поени, или што објавила помалку од 40 % од мониторираните документи.

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**
институција што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41 до 75 % од мониторираните документи.

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**
институција што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75 % или речиси сите мониторирани документи.

## Табела 1. Сумарна оценка на реактивната и проактивната транспарентност на 14 институции од јавниот и здравствениот сектор

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ↓ | 2019 ГОДИНА | | 2018 ГОДИНА | |
|---|---|---|---|---|
| | Оцена на реактивна транспарентност (1) | Оцена на проактивна транспарентност (2) | Оцена на нивото на реактивна транспарентност (1) | Оцена на нивото проактивна транспарентност (2) |
| Министерство за здравство | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Институт за јавно здравје | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Министерство за финансии | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) | ★ (жолта) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за образование и наука | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (жолта) |
| Министерство за култура | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Министерство за правда | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Министерство за транспорт и врски | ★ (жолта) | ★ (црвена) | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.